Врз основа на одредбите од членот 28 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015, 23/2016, 31/2020, 150/21 и 288/21), член 32 од Правилникот за начин на работење на друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, за начинот на мерење и управување со ризиците кои произлегуваат од работата на отворените и затворените инвестициски фондови и за метдологијата за мерење на ризиците од вложувањата во финансиски деривативни инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 1/2022) и член 74 од Статутот на Друштво за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ, (во понатамошниот текст: Друштво), Одборот на директори на Друштвото, на ден 13.07.2022 година, ја донесе следната:

# ПОЛИТИКА
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБИ

Член 1

Со оваа Политика се регулира начинот и постапката на вработените во Друштвото со цел да се постигне фер и непристрасно управување на фондовите.

Член 2

Друштвото не смее да дава приоритет на интересите на една група на вложувачи во однос на интересите на било која друга група на вложувачи.

Друштвото не смее да го користи имотот на инвестицискиот фонд или сопствениците на портфолиа како гаранција при извршување на обврските на Друштвото или обврски на трети лица, ниту пак да се користи за извршување на работи под повластени услови од страна на неговите вработени или лица поврзани со нив.

Член 3

Заради заштита на законитоста во работењето и превентива од евентуална одговорност на Друштвото, постапување во најдобар интерес на инвеститорите со едновремено избегнување или минимизирање на конфликт на интерес вработените постапуваат според одредени правила во работењето, како што се:

- Совесност и професионалноство работење;
- Заштита на интересите на инвеститорите;
- Забрана на злоупотреба во работењето.

**СОВЕСНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ ВО РАБОТЕЊЕ**

Член 4

Во Друштвото вработените го вршат работењето, совесно и професионално во согласност со законските и подзаконските прописи, како и во согласност со деловната политика и целите утврдени во Статутите и Проспектите, општите услови.
Друштвото е должно управувањето со Фондот да го врши со внимание на добар стопанственик, да се придржува на начелата на совесност и чесност, навремено и целосно да ги исполнува сите права и обврски предвидени со Законот, Проспектот, Статутот на Друштвото и Фондот, општите услови и другите интерни акти.

Челн 5

Работењето на Друштвото е поделено во орaганизациони единици кои имаат дефинирани овластувања, издвоеност на одредени функции и дефинирани начини и обем на комуникација со цел извршување на оперативните обврските, рационално, воедно избегнувајќи конфликт на интерес или штета на инвеститорите.

Одборот на директори и неговите надворешни членови се одвоени од тековното работење на Друштвото и тековното работење на Портфолио менаџерите, воедно несмеат директно на дневно ниво да се мешаат во работењето на Портфолио менаџерите.

Сите членови на Одборот на директори се должни сите информации кои ги добиваат за работењето на Друштвото да ги третираат со должно внимение како деловна тајна и никако не смеат да ги споделуваат со други лица или пак да ги искористат тие информации за личен интерес или за интерес на лица поврзани со нив.

Вработените се должни да бидат запознаени со интерните акти на Друштвото до кои треба целосно да се придржуваат. Во случај да забележат дека со одреден процес пропишан во истите во праксата предизвикува можен конфликт на интерес или предизвикува штета, за тоа треба веднаш да ги известат надредените. Доколку се испостави дека забелешката е издржана предлагаат промена на праксата и процедурата.

**ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ИНВЕСТИТОРИТЕ**

Член 6

Друштвото согласно својата дејност на работење и работите кој ги извршува по истата управува со: отворени инвестициски фоднови, средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио и услуги на инвестиционо советување.

Член 7

Друштвото е должно управувањето со Фондот да го врши со внимание на добар стопанственик, да се придржува на начелата на совесност и чесност, навремено и целосно да ги исполнува сите права и обврски предвидени со Законот, Проспектот, Статутот на Друштвото и Фондот, општите услови и другите интерни акти.

Член 8

Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд, за делување спротивно на одредбите на Законот, подзаконските акти,

Проспектот, Статутот на Друштвото и Фондот, општите услови и другите интерни акти.

Друштвото со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во фондовите.

Член 9

Друштвото ги штити интересите на инвеститорите и ги информира за важните случувања поврзани со работењето, перформансите на фондовите и индивидуалните портфолиа. На својата интернет страна во законскиот рок ги објавува минимум законски пропишаните извештаи, дневни, месечни, квартални, полугодишни и годишниа извештаи или на барање на инвеститорите може да им доставува и зачестени извештаи, а во одредени случаи и извештаи подготвени на нивно специфично барање.

Член 10

Преку доследно спроведување на инвестициската стратегијата, нејзино редовно прилагодување на пазарните прилики и следење на различни аспекти на ризичноста, настојува да обезбеди баланс меѓу остварениот принос и ризиокот кој го прифаќаат инвеститорите.

Освен вработените обврска за поттикнување на најдобра пракса и услови преку кој се постигнува заштита на интересите и акционерите имаат и Одборот на директори и неговите членови и акционерите.

Акционерите како највисок орган во хиерархијата на управување во рамкие на своите ингеренции, треба да ги поддржат оние политики и идеи, кои на долг рок ќе креираат супериорни производи и услуги, кои ќе овозможат привлекување на нови инвеститори, воедно на своите седнице можат да носат одлуки, акти и останати извештаи само согласно Статутот на Друштвото и позитивните законски прописи.

Одборот на директори на свote седници работи и донесува одлуки и акти исклучиво што се во негова надлежност согласно Статутот на Друштвото и позитивните законски прописи.

Член 11

Евентуалните поплаки и приговори од инвеститорите се доставуваат до Друштвото и истите се разгледуваат во рок од 30 дена. Одговорот на поплаката или приговорот се доставува до инвеститорите, им се презентира и доколку се утврди повреда на правата на инвеститорите и настаната штета инвеститорите може да бараат надомест на истата.

**ЗАБРАНА НА ЗЛОУПОТРЕБА ВО РАБОТЕЊЕТО**

Член 12

Друштвото не смее да отуѓува или да стекнува хартии од вредност или друг имот на фондовите за своја сметка или за сметка на поврзани лица.

Член 13

Портфолио менаџерите при носење на одлуки за купување и продавање хартии од вредност единствено се водат од финансиска и инвестициска логика во интерес на

интересите на инвеститорите. Тие дејствуваат независно.

Одборот на директори работи во рамките на своите овластувања и никако несмее да сугерира конкретна хартија од вредност и непринципиелно да влијаеа на одлуките кои ги носи инвестицискиот одбор и портфолио менаџерите.
Акционерите работат во рамките на своите овластувања, преку Собранието на акционери, и одлучуваат само за работи согласно Сатутот на друштвото, без никакви непринципиелни мешања во работата и одлуките на инвестицискиот одбор и портфолио менаџерите.

Член/членови на одборот или акцонерите несмеат да му сугерираат или фаворизираат на портфолио менаџерот склучување одредена трансакција, тоа мора да го направат преку формалните процедури со давање предлог анализа каде ги изнесуваат аргументите зошто е потребно склучување на трансакциата, односно кои се бенефитите, а кои се ризиците од истата, а инвестицискиот одбор и портфолио менаџерот одлучуваат самостојно водејќи првенствено грижа за клиентите на Друштвото дали ќе ја прифатат или нема да ја прифатат таа иницијатива.

Портфолио менаџерот доколку сметаат дека не се изнесени доволно аргументи (квантитативни, квалитативни и фундаментални) кои трансакцјата ја прават најдобар интерес за инвеститорите можат да го одбијат склучувањето на трансакцијата со образложение дека истото не е во најдобар интерес на инвеститорите или дека истото може да нанесе штета преку предизвикување конфликт на интерес.

Во просториите каде се носат деловните одлуки за инвестирање, пристап имаат само лицата вработени во организационата единица за тргување. Вработените имаат пристап до организаионата единица за тргување само за потребите на оперативна дневна координација со цел извршување на обврските, без при тоа непотребно да се задржуваат во истата. Просторијата на органиациона едница за тргување е обележана со “забранет влез за невработени”.

Портфолио менаџерот пред склучување одредена трансакција треба да добие одобрување од организацискаат едница за надзор и анализа. Освен одобрување во однос на регулативата, однсоно дали трансакцијата е соглано закон, проспект, статут и општи услови, брокерот преку кој е планирано склучување на истата треба да нуди најдобри услови од аспект цена и трошоци за извршување.

Портфолио менаџерите не ги соопштуваат своите одлуки, освен на оние вработени со кои согласно процедурите за работа обезбедуваат непречено извршување на трансакциите.

Вработените, информациите кои ги стекнале на работното место, преку усна или писмена комникација, а се поврзани со инвестирање на парични средства на фондовите или индивидуалние портфолиа не смеат да ги споделуваат надвор од просториите на Друштвото, со трети лица, освен ако за тоа не постои обрска. Истото се однесува и за советите кои им се даваат на клиентите кои примиле таква услуга о Друштвото.

Во случај да трансакција која ја склучил вработен или со него поврзано лице или инвеститор со кој има личен, финансиски или друг деловен однос предизвикува конфликт на интерес, истото може да добие решение од извршните директори да се ослободи од истата.

Член 14

Вработените во Друштвото или со нив поврзани лица, имаат обврска, кога купуваат или продаваат хартии од вредност во свое име и за своја сметка, како и за инвеститорите со кои имаат личен, финансики или деловен однос да ги пријават купените или продадените хартии од вредност во посебна евиденција која се води во Друштвото.

Евиденцијата во Друштвото се води од лице од редот на вработените, задолжено за водење таква евиденција и овластено од страна на Извршните директори на Друштвото.

Евиденцијата се води на посебни евиденциони листи, кои се чуваат запечатени во персоналните досиеа на вработените.

Во евиденциониот лист се содржани следните податоци:

- реден број на евиденциониот лист;
- име и презиме на купувачот или продавачот на хартии од вредност односно фирма и седиште на правно лице, кога пријавувачот ќе пријави трансакција со хартии од вредност што ја извршило тоа лице;
- хартиите од вредност кои се предмет на трансакцијата;
- купување или продавање на хартии од вредност;
- количина на хартии од вредност, што се предмет на трансакцијата;
- цена на хартиите од вредност;
- назив на членката на Берзата што ја реализирала трансакцијата;
- датум на склучување на трансакцијата;
- датум на пријавување на трансакцијата;
- име и презиме на вработениот во Друштвото и потпис.

Член 15

Вработените лица се должни најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на склучување на трансакцијата за себе или поврзано лице, да ја пријават трансакцијата во евиденционен лист кај овластеното лице во Друштвото.

Овластеното лице во присуство на вработениот ја евидентира трансакцијата во евиденциониот лист.

Овластеното лице е должно депонираните податоци да ги чува како деловна тајна.

На барање на вработениот, на одборот на директори и на Комисијата за хартии од вредност се овозможува увид во неговото персонално досие.

Лицето задолжено за водење на евиденционите листи има обврска да ги извести извршните директори за потенцијален конфликт на интерес во ситуација на евиденција на извршена трансакција со хартии од вредност со самиот себе или со него поврзано лице. Во тој случај трансакцијата се заведува во присуство на извршните директори, а во евиденционата листа каде се наведува дека се работи за трансакција со потенцијален конфикт на интерес и се потпишуваат извршните диркетори.

Член 16

Доколку постои основано сомнение дека вработеното лице извршило повреда на законските и подзаконските прописи и актите на Друштвото, овластеното лице го пријавува сомнението на главниот извршен директор, а во присуство на вработениот овозможува увид на Извршните директори во запечатените евиденциони листи.

Овластеното лице евентуалниот увид во евиденцијата го забележува на задната страна на персоналното досие со наведување на датумот и часот на увидот, лицето на чие барање бил спроведен увидот, како и причината за увидот, со потпишување на присутните.

Член 17

Овластеното лице подготвува квартални извештаи за склучени трансакции на вработениот. Извештајот се доставува до Одборот на Директори.

Во извештајот се содржани сите битни елементи, име презиме на вработените или со нив поврзаните лица кои ги извршиле трансакциите, број на трансакции и основни елементи на трансакциата, трансакции каде има можност за потенцијален конфликт на интерес и се забележува процедурата за евиденција на таквите трансакции.

Член 18

Податоците што се водат во евиденцијата се собираат само за потребите уредени со закон и со овој Правилник и не смеат да бидат употребувани за други намени.

Податоците се чуваат и се врши увид се додека вработениот е во работен однос во Друштвото.

По престанокот на работниот однос, пријавите со евиденционите листи се чуваат во наредните 10 години. По истекот на тој рок податоците се уништуваат согласно со законските прописи.

Извршните директори на Друштвото се надлежни за почитување и примена на овој Правилник.

Непостапувањето со оваа Политика од вработените на Друштвото, претставува дисциплинска повреда, односно неисполнување на работна обврска.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 19

Оваа Политика влегува во сила со денот на донесување.
Со влегувањето во сила на оваа политика престанува да важи Правилникот за спречување на конфликт на интереси на вработените и на самото Друштво при инвестирање од 09.04.2021.

ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ